**20202403087**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА ИНСПЕКТОРОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, И ЗА НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат образецот, формата и содржината на службената легитимација (во натамошниот текст: легитимацијата) и значка на инспекторот за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: значката), и начинот на нивното издавање и одземање.

Член 2

(1) Легитимацијата и значката се сместени во внатрешните страни на дводелен кожен повез во црна боја со големина 75x210 мм.

(2) Легитимацијата е сместена во внатрешната горна страна од кожниот повез, изработена е на пластифицирана хартија со тежина од 200 гр. во светло сина боја (RGB 84-165-219) со димензии 60x90 мм.

(3) Образецот на легитимацијата е даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) На внатрешната долна страна од кожниот повез има прицврстено метална значка во форма на логото на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата), со димензии 55x75 мм во боите на логото. Во горниот дел на значката стои серискиот број на значката кој е истоветен со серискиот број на легитимацијата.

(2) Образецот на значката е даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) На надворешната горна страна на дводелниот кожен повез во централниот средишен дел во самата кожа има вдлабнато отисок во форма на логото на Дирекцијата со димензии исти како и значката од член 3 став (1) од овој правилник.

(2) Изгледот на надворешната страна на кожната обвивка е даден во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Легитимацијата и значката имаат важност сè додека лицето на кое му се издадени има службено својство и овластувања како инспектор за безбедност на класифицирани информации.

(2) Најдоцна три дена по престанување на службеното својство на инспектор за безбедност на класифицирани информации, лицето треба легитимацијата и значката да ги врати во Дирекцијата.

Член 6

(1) Легитимацијата и значката се заменуваат со нови:
- при промена на личното име на инспекторот,
- при оштетување на легитимацијата или нејзино губење односно кражба.

(2) Во случај кога легитимацијата и значката се оштетени инспекторот за безбедност на класифицирани информации при издавањето на новата легитимација ја враќа старата во Дирекцијата.

(3) Неважечките легитимација и значка кои се заменуваат со нови се поништуваат комисиски.

(4) Во случај кога легитимацијата и значката се изгубени односно украдени, инспекторот за безбедност на класифицирани информации најдоцна три дена од дознавањето го известува директорот на Дирекцијата.

(5) Во случај кога легитимацијата и значката се изгубени односно украдени, истите се огласуваат за неважечки и се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(6) За сите промени во издадените легитимации и значки на инспекторите за безбедност на класифицирани информации, во организационата единица за вршење инспекциски надзор во Дирекцијата се води евиденција.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на легитимацијата на инспекторот за безбедност на класифицирани информации, како и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/18).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-315/1
1 октомври 2020 година
Скопје

Директор,
**Стојан Славески,** с.р.

Прилог бр. 1

**Изглед на службената легитимација на инспекторот за безбедност на класифицирани информации**

Предна страна

Република Северна Македонија
Дирекција за безбедност на класифицирани информации

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

000
Сериски број на легитимацијата

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ИНСПЕКТОРОТ

Инспектор за безбедност на класифицирани информации

Датум на издавање: М.П. Потпис на директорот

Задна страна

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот: постапува согласно Законот за класифицирани информации(*), поседува важечки национален безбедносен сертификат со степен ДРЖАВНА ТАЈНА, како и НАТО и ЕУ безбедносни сертификати со степен СТРОГО ДОВЕРЛИВО

Предна страна

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
Drejtoria për siguri të informatave të klasifikuara

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА
LEGJITIMACION ZYRTARË

000
Сериски број на легитимацијата
Numri serik i legjitimacionit

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ИНСПЕКТОРОТ
EMRI DHE MBIEMRI I INSPEKTORIT

Инспектор за безбедност на класифицирани информации
Inspektor për siguri të informatave të klasifikuara

Датум на издавање: М.П. потпис на директорот
Data e lëshimit: V.V. nënshkrim i drejtorit

Задна страна

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот: постапува согласно Законот за класифицирани информации(*), поседува важечки национален безбедносен сертификат со степен ДРЖАВНА ТАЈНА, како и НАТО и ЕУ безбедносни сертификати со степен СТРОГО ДОВЕРЛИВО

Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori: vepron në pajtim me Ligjin për informata të klasifikuara(*), posedon certifikat nacional të sigurisë, valid, me shkallë SEKRET SHTETËROR, si dhe NATO dhe EU certifikate të sigurisë me shkallë TEPËR SEKRET

Прилог бр. 2

**Изглед на значката на инспекторот
за безбедност на класифицирани информации**



Прилог бр. 3

**Изглед на надворешната страна на кожната обвивка**

